Број: 0302-378
15.12.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет:** Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ги потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, особено во текот на спроведувањето на пописите како неопходен услов за започнувањето на подготовката на завршната сметка, организира консултативна Online работилница за презентирање на актуелни теми и давање прецизни одговори и насоки за соодветно и законско постапување, на тема:

**„КОНТРОЛНИ ПОСТАПКИ ПРЕД ПОДГОТОВКАТА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И НОВИНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА“**

Искористете ја можноста да учествувате на работилницата, да поставувате прашања, да дискутирате и да добиете стручни, компетенти и прецизни одговори и насоки за постапување од областа на:

- Спроведување на усогласување на фактичка со сметководствена состојба
- Пресметка на амортизација и ревалоризација
- Спроведување на заклучни книжења и логична проверка на усогласеност на билансните позиции,
- Коригирање на сметководствени грешки
- Утврдување на даночна основа за данок на добивка, со посебен акцент на пополнување на реден број 1 од даночниот биланс ДБ и непризнати расходи,
- Проверка на воспоставени контроли во делот на: целосно и навремено евидентирање на на влезни и излезни документи, и усогласување на материјална со сметководствена евиденција за постојани средства и залихи,
- Проверка во делот на исплата на надоместоци за кои се обезбедени средства во буџетот,

како и други теми за кои ќе има интерес за дискусија.

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство и квалитетна работилница.

Работилницата ќе се одржи **на 24.12.2021 година**, со почеток **во 10.00 часот, On line** со користење на платформата **ZOOM.** Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата до 9.45 часот, за што непосредно пред почетокот на обуката ќе добијат корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 14.30 часот. Учесниците на работилницата ќе добијат: **Сертификат за учество на работилницата.**

**Надоместокот за учество** на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник **изнесува само 3.500 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk или obuki_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВЕЛЕС 2

**Прилог:** Агенда